# MARMOFIX
NATURA

## Технички податоци

**Опис на производот**

**MARMOFIX Dispersionsfarbe Extra Aussen**: Акрилна боја со извонреден квалитет за употреба во надворешни површини

Одлична покривна моќ
Висока белина
Нијанси со долготрајна стабилност на боите
Дава мазен мат допир
Одлични својства на примена и израмнување без прскање
Одлично прилепување и брзо сушење
Многу добра отпорност кон водата и лошите атмосферски влијанија

**Препорачена употреба**

Надворешни површини на цементно-варни малтери, дисперзиони малтери, бетон, влакнест цемент, површини со дисперзиона боја итн. Е економично и сигурно решение за професионалци и е погоден за употреба во места каде е потребно често бојадисување и освежување.

**DISPERSIONSFARBE**
EXTRA
Aussen




...GARANTIERTE
**QUALITÄT!**

www.marmofix.ch

Marmofix DOOEL Chelopek, Brvenica
Address: 101 Str, No. 3, Chelopek, 1216
Tetovo, R. North Macedonia
Tel: +389 75 211 222

MARMOFIX
NATURA

# Технички податоци

## DIPSPERSIONSFARBE
## EXTRA Aussen

**Технички карактеристики**

| | |
|---|---|
| **Смола** | Акрилен кополимер |
| **Густина (бела)** | 1,55±0,03 gr/ml |
| **Вискозност по производство (бела)**<br>**Вискозност при складирање (бела)** | 115±5 KU 23°C<br>115±5 KU 23°C |
| **Потрошувачка** | Во зависност од впивливоста, порозноста, и текстурата на површината просечната потрошувачка за два слоја е: 0.30–0.35 kg/m$^2$ |
| **Сушење (бела)**<br>**Време за нанесување на втор слој (бела)**<br>**Сушење (нијанси)**<br>**Време за нанесување на втор слој (нијанси)** | 45±10 минути<br>1±½ часа<br>60±10 минути<br>2±½ часа<br>(Времето на сушење и времето потребно за нанесување на втор слој може да се продолжи при услови на ниски температури и висока релативна влажност) |
| **Нијанси** | Достапна во бела боја и стотици нијанси преку системот за пигментизација MARMOFIXTINTING SYSTEM (MTS) |
| **VOC (Испарливи органски соединенија)** | Граничната вредност за овој производ од Категоријата А/с "надворешни ѕидови од минерални супстрати ": 40g/l (2010). Производот содржи најмногу 39g/l. |

**Подготовка на супстратот и инструкции за примена**

- **Подготовка на супстратот**
  Супстратот треба да биде чист, сув и да не содржи дефективен и слабо врзан материјал, прашина, нечистотии, масла, и соли. Стари слоеви што можат лесно да се излупат треба да се отстранат.
  Новите површини треба да се импрегнираат со **TIEFGRUND TG-130 PRIMER,** разреден до 50% со вода.
  Површините со мувла и алги треба да се чистат/дезинфицираат пред да се нанесе подлогата.
- **Припрема и нанесување**
  **Метода на нанесување:** Четка, валјак, прскање без воздух
  **Разредувач:** Вода
  **Разредување:** 10-20% v/v
  Бојата обично се нанесува во два слоја.
  Во континуирани ѕидни површини треба да се нанесе без прекини, за да се избегнат неизедначено обоени површини, нерамномерно сушење итн.
  Нанесувањето не треба да се врши при температури под +5°C и над +30°C. При и после сите нанесувања, производите треба да се чуваат од временските влијанија. Опремата да се чисти со вода веднаш по употреба.

**Складирање и ракување**

Да се чува вон дофат на деца. Не се потребни посебни мерки при работа со **MARMOFIX Dispersionsfarbe Extra Aussen**. Кога производот се нанесува со прскање, користете заштитни наочари, ракавици, и маска. Во случај на допир со кожата или очите мијте со обилно количество вода, и по потреба побарајте лекарска помош.
Остатокот од производот треба да се фрли во согласност со локалните правила. Не треба да се фрли во канализации или во околината. Сув или цврст остаток може да биде фрлен како остаток од градежните работи или како домашен отпад.
**MARMOFIX Dispersionsfarbe Extra Aussen** треба да се складира на температури меѓу +5 °C и +25 °C и подалеку од сончевата светлина. Во оригинални, неотворени кофи и при горенаведените услови, **MARMOFIX Dispersionsfarbe Extra Aussen** може да се складира за 24 месеци.

**Пакување**

20 kg кофи

